– Сектор за правни работи–

Друштво за услуги ИДЕА ПЛУС 360° КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје

| Примено: 22.08.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1131/1 | | |

Архивски број: 03-9236/1
Датум: 22-08-2023

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги - услуги за организирање на настани

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев“, бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за услуги ИДЕА ПЛУС 360° КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Димче Мирчев“, бр.18 во Скопје, претставувано од Деан Стојковски, управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е услуги за организирање на настани за потребите на Министерството за финансии по спроведената поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка по оглас бр.13248/2023.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Единечните цени на ставките - предмет на договорот се дадени во Прилог 2 кон договорот и се негов составен дел.

Висината на провизијата за услугите за организирање на настани кои не се предвидени во техничките спецификации и образецот на понуда изнесува 15% и истата ќе се пресметува на вредноста на услугите/стоките фактурирани спрема носителот на набавката од непосредните добавувачи, кои ќе бидат обезбедени од носителот на набавката за реализирање на настанот согласно техничките спецификации.

Износот на цените во денари и на провизијата изразена во проценти е фиксен и непроменлив за цело времетраење на договорот.

Вкупната максимална вредност на договорот за набавка на услуги за организирање на настани изнесува 4.250.000,00 денари без пресметан ДДВ, колку што изнесува вредноста на средствата обезбедени со одлуката за јавната набавка.

Данокот на додадена вредност пресметан на износот од став 1 на овој член изнесува 765.000,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 5.015.000,00 денари.

## III. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Член 3

Носителот на набавката е должен услугите да ги извршува сукцесивно, а врз основа на барањата и потребите на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата која е предмет на договорот, согласно условите од склучениот договор, во зависност од видот на услугата која се бара и согласно техничките спецификации дадену во Прилог 1 на договорот. Договорниот орган има обврска да го извести економскиот оператор за потребата од извршување на услугата во зависност од видот на услугата која се бара.

Реализацијата на услугите ќе се врши со писмена нарачка (или по електронска пошта) на договорниот орган за ставките кои се предвидени во техничките спецификации и образецот на понуда. Во нарачката договорниот орган задолжително наведува опис на услугата/стоката, количината и други податоци потребни за реализација на услугата/испораката на стоката - предмет на договорот.

За услугите кои не се предвидени во техничките спецификации и образецот на понуда носителот на набавката ќе пристапи кон реализацијата на услугата – предмет на договорот по добивање на барање од договорниот орган преку (електронска пошта, писмено или телефонски).

Реализацијата на услугите ќе се врши на тој начин што договорниот орган по електронска пошта или телефонски ќе достави барање за доставување на понуда до носителот на набавката, кое ќе содржи: опис на услугата, количина и други податоци/барања потребни за реализација на услугата. По добиеното барање носителот на набавката до договорниот орган доставува понуда согласно бараното. Во понудата да бидат наведени и цените за извршување на услугите од непосредните добавувачи и истите да не бидат понеповолни од реалните цени на пазарот. По прифаќањето на понудата од договорниот орган (прифаќање се врши со потврда преку електронска пошта или писмено), носителот на набавката веднаш пристапува кон реализација на услугата - предметот на набавката.

Секоја услуга извршена од страна на носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената нарачка/прифатената понуда по електронска пошта или писмено на договорниот орган, ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

Носителот на набавката е должен за секоја извршена услуга да издава испратница/извештај за извршената услуга, која/кој мора да ги содржи податоците за извршената услуга.

Испратницата/извештајот за извршената услуга со полно име и презиме ги потпишуваат определените лица од двете договорните страни, при што по еден примерок од истите се предава на задолженото лице кај договорниот орган, еден примерок задржува носителот на набавката за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Министерството за финансии - Скопје.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 4

Договорниот орган плаќањето на услугите ќе го врши во рок до 30 дена од денот на доставувањето на фактурата за извршената услуга во писарницата на Министерството за финансии на ул. „Даме Груев" бр.12 во Скопје.

Цената за услугите предмет на договорот кои не се предвидени во техничките спецификации и образецот на понуда, ќе се фактурираат на тој начин што на вредноста на услугите/стоките (фактурирани спрема носителот на набавката од непосредните добавувачи) ќе се додаде провизија во висина од 15 %.

Во понудената цена на услугите за организирање на настани кои се предвидени во техничките спецификации и образецот на понуда покрај останатите трошоци е вклучена и провизијата за организација на услугата.

Фактурата треба да ги содржи следниве елементи, покрај оние пропишани со закон, и тоа:

- Износ на извршените услуги - предмет на договорот (за услугите кои не се предвидени во техничките спецификации на тендерската документација, односно за ставките кои се по барање на договорниот орган по прифатена понуда, се доставува копија од оригиналната фактура од непосредниот добавувач);
- Износ на провизија за услугите кои не се предвидени во техничките спецификации на тендерската документација и
- Потпис и печат на одговорното лице на носителот на набавката.

Носителот на набавката како прилог кон фактурата задложително ги доставува:
- испратница/извештај за извршена услуга потпишани со полно име и презиме од определените лица од двете договорните страни,
- копија од оригиналната фактура за бараните услуги од непосредниот добавувач за услугите кои не се предвидени во техничките спецификации на тендерската документација и
-копија од нарачката (издадена од договорниот орган/потврда по електронска пошта од договорниот орган со кој се прифаќа понудата.

Во фактурата задолжително треба да се наведе архивскиот број и/или датум на нарачката издадена од договорниот орган врз основа на која е извршена испораката/датумот на потврдата за прифатена понуда доставена од договорниот орган по е-пошта .

Доколку доставената фактура не ги содржи бараните податоци или кон неа не се приложени уредно пополнети и потпишани испратници/извештаи, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање или дооформување.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 5

Носителот на набавката се обврзува дека услугите предмет на договорот ќе ги извршува редовно, навремено и квалитетно согласно со техничките спецификации (Прилог 1 кон договорот) и прифатената понуда.

Носителот на набавката се обврзува дека предметната услуга ќе ја врши совесно и квалитетно, според описот и природата на услугите, важечките прописи, правила и стандарди за квалитет на услуги од ваков тип со квалификуван стручен персонал.

За извршување на услугите - предмет на договорот, носителот на набавката задолжително ги вклучува лицата од стручниот кадар за извршување на услугата-предмет на договорот, согласно со прифатената понуда на носителот на набавката од страна на договорниот орган.

Во исклучителни ситуации носителот на набавката може да изврши замена на лице од техничкиот персонал кој ќе учествува во извршувањето на договорот, со доставување на детално образложение и по добивање на одобрение од договорниот орган, под услов лицето да ги исполнува условите предвидени во потточка 5.4.2 од тендерската документација.

Носителот на набавката се обврзува дека за извршените услуги по претходно барање од страна на договорниот орган ќе доставува фактура со прилог

копии од оригиналните фактури за цената на реализираните услуги за услугите кои не се предвидени во техничките спецификации и образецот на понуда.

За ставките кои не се предвидени во финансиската понуда ќе се користи редовниот ценовник на непосредниот извршител на услугата, кој ќе биде доставен по барање на договорниот орган.

При реализација на договорот доколку од непосредните извршители на услугите биде одобрен попуст, потребно е истиот да биде прикажан во фактурата од носителот на набавката, при што провизијата ќе се пресмета на цената искажана со попуст.

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот на договорниот орган да му достави податоци за определените лица за реализација на предметниот договор.

## VI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 6

Договорниот орган има обврска навремено да го извести носителот на набавката за потребата од извршување на услугата во зависност од видот на услугата која се бара.

Договорниот орган се обврзува да определи лица за контакт со носителот на набавката и за следење на реализацијата на договорот, за цело времетраење на договорот.

Податоците за лицата од став 1 на овој член, со телефони за контакт, договорниот орган е должен да му ги достави на носителот на набавката веднаш по потпишувањето на овој договор.

Договорниот орган е должен при прифаќањето на понудата доставена од носителот на набавката да го врши врз основа на реалните пазарни цени за извршување на услугите – предмет на договорот.

### Член 7

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето за извршените услуги ќе го врши во рокот утврден во член 4, став 1 на овој договор.

## VII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 8

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на потпишување на договорот од двете договорни страни или до вредносно исполнување на договорот.

## VIII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Услов за потпишување на договорот со носителот на набавката е обезбедување банкарска гаранција од страна на носителот на набавката за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вкупната вредноста на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок по пошта или лично на лицето за контакт од тендерската документација.

Со гаранцијата носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничките спецификации, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Овој договор може да се раскине спогодбено, во согласност на договорните страни.

### Член 11

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

### Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 13

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Член 14

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Член 15

Страната која бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

## X. ВИША СИЛА

Член 16

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 18

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на третата страна, без заемна писмена согласност.

Член 19

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 20

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 21

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 22

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

Договорен орган:
Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Скопје

Dr. Fatmir Besimi
Министер за финансии

Носител на набавката
Друштво за услуги ИДЕА ПЛУС 360°
КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје

Деан Стојковски
Управител

| | |
|---|---|
| Изработил: | Мариа Анѓелеска |
| Контролирал: | Даниела Јанкова |
| | Елизабета Калачоска |
| Одобрил: | Татјана Васева |
| Проверил: | Daut Hajrullahi |
| | м-р Маја Стаменковска Угриновска |
| Согласен: | д-р Јелена Таст |

Прилог 1 кон договорот за јавна набавка за услуги за организирање на настани – Технички спецификации

Предмет на договорот е набавка на услуги за организирање на настани и тоа:

Табела 1

| Опис на услугата |
|---|
| Озвучување за затворен простор (конференциски сали), со вклучена аудио опрема (миксета, звучни кутии и др.) за поврзување со конференциска опрема и пренос на аудио сигнал со јачина од мин. 1000 w/ на ден |
| Изнајмување на брендирана говорница/ на ден |
| Изнајмување на ТВ екран 55" со сталажа за монтирање подесив по висина (до 180 cm)/ на ден |
| Изнајмување на ТВ екран 65" со сталажа за монтирање подесив по висина (до 180 cm)/ на ден |
| Изнајмување ЛЦД проектор со минимална јачина 3000 ANSI Lumeni/ на ден |
| Изнајмување Видео LED ѕид 4x2,5 m/ на ден |
| Изнајмување Видео LED ѕид 10x3 m/ на ден |
| Изнајмување Видео LED ѕид 1 m2/ на ден |
| Изнајмување ЛЕД тотем 1x3 m/ на ден |
| Изнајмување Рефлектор во боја LED PAR 64 180w/ на ден |
| Изнајмување Рефлектор бело светло со клапни LED PAR 200w/ на ден |
| Изнајмување интелигентно светлечко тело led moving head wash/ на ден |
| Изнајмување интелигентно светлечко тело led moving head beam |
| Снимање на настан во времетраење од 8 часа со 4 професионални HD камери, видео режија, професионална видео монтажа и пренос на медиум DVD |
| Снимање на настан во времетраење од 2 часа со 1 професионална HD камера, видео режија, професионална видео монтажа и пренос на медиум DVD |
| Изнајмување аудио и видео опрема за реализација на стриминг (streaming) т.е. аудио и видео пренос на настан преку интернет |
| Бина 40 m2/ на ден |
| Бина 10 m2/ на ден |
| Бина 5 m2/ на ден |
| Бина подесива по висина со задна страна и покрив 10 m2/ на ден |
| Бина подесива по висина со задна страна и покрив 40 m2/ на ден |
| Изнајмување конференциска опрема со вклучени 10 микрофони/ на ден |
| Изнајмување конференциска опрема со вклучени 20 микрофони/ на ден |
| Изнајмување 20 парчиња конференциски микрофони/ на ден |
| Изнајмување безжичен микрофон/ на ден |
| Изнајмување микрофон хедсет/ на ден |
| Изнајмување микрофон на сталак/ на ден |

| |
|---|
| Изнајмување шахта со минимум 10 приклучоци со излез за камери/ на ден |
| Изнајмување на дигитална опрема за симултан превод и пренос на аудио сигнал со минимум 4 канали (инфра ред или радио технологија) со вклучени 20 безжични приемници и слушалки/ на ден |
| Изнајмување на дигитална опрема за симултан превод и пренос на аудио сигнал со минимум 4 канали (инфра ред или радио технологија) со вклучени 50 безжични приемници и слушалки/ на ден |
| Изнајмување на дигитална опрема за симултан превод и пренос на аудио сигнал со минимум 4 канали (инфра ред или радио технологија) со вклучени 100 безжични приемници и слушалки/ на ден |
| Изнајмување приемник за слушалки за симултан превод/ на ден |
| Изнајмување кабина за преведувачи со звучна изолација ИСО4043 стандард или еквивалентно со соодветен микрофон и конекции/ на ден |
| Изнајмување на конференциска сала со капацитет за над 500 лица во хотел со 5 ѕвезди во Скопје/ на ден |
| Хотелско сместување на база на ноќевање со појадок во еднокреветна соба за едно лице (во истиот хотел каде ќе биде изнајмена конференциската сала во која ќе се одвива настанот) |
| Изнајмување на фотеља за панел дискусија/ парче на ден |
| Изнајмување на мебел - масички за панел дискусија/ парче на ден |
| Изнајмување на просторија и техничка опрема (светло, камера, звук и монтажа) за студио за интервјуа и кратки изјави со вклучен технички персонал/ на ден |
| Изнајмување на конструкција за бекдроп брендиран (5x2,5м) за фотографирање/ на ден |
| Изнајмување на брендиран инфо деск пулт (за регистрација на гости) / на ден |
| Сценографија (алуминиумски држачи 10 м x 4 м (2 парчиња) и 3м x 3м (1 парче); отстапка ± 5 % (според дизајн на договорниот орган) со вклучена монтажа на платното на местото каде што ќе се одржува настанот |
| Материјали за учесниците според дизајн на договорниот орган (сет од метално пенкало со метална клипса и променлив рефил, тефтер и беџ (со приближни димензии до 10x14 см) со врвка |
| Сценографија (алуминиумски држачи 10 м x 4 м (2 парчиња) и 3м x 3м (1 парче); отстапка ± 5 % (според дизајн на договорниот орган) со вклучена монтажа на платното на местото каде што ќе се одржува настанот |
| Печатење на сценографија (Церадно платно 440г/м2 со димензии 3м x 3м печатено, со отстапување од ±5%, според дизајн на договорен орган ) и монтажа на банерот) |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 x 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – фул колор 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 400, |

- Тираж до 200

Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:

- Формат 16.5 x 23.5 см
- Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)
- Дизајн на корица
- Внатрешни страници – фул колор 90 гр.
- Повез лепење на биндер
- Страни: до 500,
- Тираж до 200

Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:

- Формат 16.5 x 23.5 см
- Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)
- Дизајн на корица
- Внатрешни страници – фул колор 90 гр.
- Повез лепење на биндер
- Страни: до 400,
- Тираж до 300

Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:

- Формат 16.5 x 23.5 см
- Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)
- Дизајн на корица
- Внатрешни страници – фул колор 90 гр..
- Повез лепење на биндер
- Страни: до 500,
- Тираж до 300

Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:

- Формат 16.5 x 23.5 см
- Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)
- Дизајн на корица
- Внатрешни страници – црно бела 90 гр.
- Повез лепење на биндер
- Страни: до 400,
- Тираж до 200

Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:

- Формат 16.5 x 23.5 см
- Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)
- Дизајн на корица

| |
|---|
| • Внатрешни страници – црно бела 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 500,<br>• Тираж до 200 |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 x 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – црно бела 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 400,<br>• Тираж до 300 |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 x 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – црно бела 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 500,<br>• Тираж до 300 |

Доколку одредени услуги не се вклучени во Табела 1 од техничките спецификации договорниот орган може да достави до економскиот оператор барање на понуда за услуги и тоа:

- хотелско сместување;
- изнајмување на сала за настани;
- угостителски услуги;
- изнајмување на опрема за настани со физичко и онлајн присуство;
- изработка, дизајнирање и печатење на материјали;
- транспорт;
- ангажирање на модератори;
-и други услуги потребни за организирање на настани.

Економскиот оператор е должен предметната услуга да ја врши совесно и квалитетно, според описот и природата на услугите, важечките прописи, правила и стандарди за квалитет на услуги од ваков тип со квалификуван стручен персонал (наведен во понудата).
Договорниот орган го задржува правото на целосно или делумно искористување на потребите во рамките на обезбедените финансиски средства.

НАПОМЕНА: Цените дадени во техничката и финансиската понуда ќе се користат за евалуација, а при реализација на договорот, договорниот орган го задржува правото одредени ставки со дадените цени да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи. Кај сукцесивните набавки каде има повеќе ставки, може да се случи вкупната цена на понудата како збир на сите ставки да е повисока од износот на обезбедени средства. За овие случаи договорниот орган наведува дека договорот ќе се склучи до вредноста на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите.

Прилог 2 кон договорот за јавна набавка за услуги за организирање на настани – Единечни цени

| | |
|---|---|
| Озвучување за затворен простор (конференциски сали), со вклучена аудио опрема (миксета, звучни кутии и др.) за поврзување со конференциска опрема и пренос на аудио сигнал со јачина од мин. 1000 w/ на ден | 14145 |
| Изнајмување на брендирана говорница/ на ден | 3565 |
| Изнајмување на ТВ екран 55" со сталажа за монтирање подесив по висина (до 180 cm)/ на ден | 5313 |
| Изнајмување на ТВ екран 65" со сталажа за монтирање подесив по висина (до 180 cm)/ на ден | 7073 |
| Изнајмување ЛЦД проектор со минимална јачина 3000 ANSI Lumeni/ на ден | 10615 |
| Изнајмување Видео LED ѕид 4x2,5 m/ на ден | 70725 |
| Изнајмување Видео LED ѕид 10x3 m/ на ден | 127305 |
| Изнајмување Видео LED ѕид 1 m2/ на ден | 5658 |
| Изнајмување ЛЕД тотем 1x3 m/ на ден | 17687 |
| Изнајмување Рефлектор во боја LED PAR 64 180w/ на ден | 3565 |
| Изнајмување Рефлектор бело светло со клапни LED PAR 200w/ на ден | 4244 |
| Изнајмување интелигентно светлечко тело led moving head wash/ на ден | 4957 |
| Изнајмување интелигентно светлечко тело led moving head beam | 4957 |
| Снимање на настан во времетраење од 8 часа со 4 професионални HD камери, видео режија, професионална видео монтажа и пренос на медиум DVD | 70725 |
| Снимање на настан во времетраење од 2 часа со 1 професионална HD камера, видео режија, професионална видео монтажа и пренос на медиум DVD | 35363 |
| Изнајмување аудио и видео опрема за реализација на стриминг (streaming) т.е. аудио и видео пренос на настан преку интернет | 49508 |
| Бина 40 m2/ на ден | 56580 |
| Бина 10 m2/ на ден | 17687 |
| Бина 5 m2/ на ден | 14145 |
| Бина подесива по висина со задна страна и покрив 10 m2/ на ден | 35363 |
| Бина подесива по висина со задна страна и покрив 40 m2/ на ден | 84870 |
| Изнајмување конференциска опрема со вклучени 10 микрофони/ на ден | 14856 |
| Изнајмување конференциска опрема со вклучени 20 микрофони/ на ден | 24760 |
| Изнајмување 20 парчиња конференциски микрофони/ на ден | 14145 |
| Изнајмување безжичен микрофон/ на ден | 3565 |

| | |
|---|---|
| Изнајмување микрофон хедсет/ на ден | 4244 |
| Изнајмување микрофон на сталак/ на ден | 2128 |
| Изнајмување шахта со минимум 10 приклучоци со излез за камери/ на ден | 3565 |
| Изнајмување на дигитална опрема за симултан превод и пренос на аудио сигнал со минимум 4 канали (инфра ред или радио технологија) со вклучени 20 безжични приемници и слушалки/ на ден | 14145 |
| Изнајмување на дигитална опрема за симултан превод и пренос на аудио сигнал со минимум 4 канали (инфра ред или радио технологија) со вклучени 50 безжични приемници и слушалки/ на ден | 24760 |
| Изнајмување на дигитална опрема за симултан превод и пренос на аудио сигнал со минимум 4 канали (инфра ред или радио технологија) со вклучени 100 безжични приемници и слушалки/ на ден | 35363 |
| Изнајмување приемник за слушалки за симултан превод/ на ден | 288 |
| Изнајмување кабина за преведувачи со звучна изолација ИСО4043 стандард или еквивалентно со соодветен микрофон и конекции/ на ден | 5658 |
| Изнајмување на конференциска сала со капацитет за над 500 лица во хотел со 5 ѕвезди во Скопје/ на ден | 71300 |
| Хотелско сместување на база на ноќевање со појадок во еднокреветна соба за едно лице (во истиот хотел каде ќе биде изнајмена конференциската сала во која ќе се одвива настанот) | 6774 |
| Изнајмување на фотеља за панел дискусија/ парче на ден | 5658 |
| Изнајмување на мебел - масички за панел дискусија/ парче на ден | 2829 |
| Изнајмување на просторија и техничка опрема (светло, камера, звук и монтажа) за студио за интервјуа и кратки изјави со вклучен технички персонал/ на ден | 56580 |
| Изнајмување на конструкција за бекдроп брендиран (5х2,5м) за фотографирање/ на ден | 17687 |
| Изнајмување на брендиран инфо деск пулт (за регистрација на гости) / на ден | 9200 |
| Сценографија (алуминиумски држачи 10 м х 4 м (2 парчиња) и 3м х 3м (1 парче); отстапка ± 5 % (според дизајн на договорниот орган) со вклучена монтажа на платното на местото каде што ќе се одржува настанот | 42573 |
| Материјали за учесниците според дизајн на договорниот орган (сет од метално пенкало со метална клипса и променлив рефил, тефтер и беџ (со приближни димензии до 10х14 см) со врвка | 656 |
| Сценографија (алуминиумски држачи 10 м х 4 м (2 парчиња) и 3м х 3м (1 парче); отстапка ± 5 % (според дизајн на договорниот орган) со вклучена монтажа на платното на местото каде што ќе се одржува настанот | 42573 |
| Печатење на сценографија (Церадно платно 440г/м2 со димензии 3м | 10695 |

| | |
|---|---|
| x 3м печатено, со отстапување од ±5%, според дизајн на договорен орган ) и монтажа на банерот) | |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 x 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – фул колор 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 400,<br>• Тираж до 200/парче | 1530 |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 x 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – фул колор 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 500,<br>• Тираж до 200/парче | 1898 |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 x 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – фул колор 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 400,<br>• Тираж до 300/парче | 1116 |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 x 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – фул колор 90 гр..<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 500,<br>• Тираж до 300/парче | 1392 |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, | 460 |

| | |
|---|---|
| трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 х 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – црно бела 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 400,<br>• Тираж до 200/парче | |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 х 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – црно бела 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 500,<br>• Тираж до 200/парче | 656 |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 х 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – црно бела 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 400,<br>• Тираж до 300/парче | 380 |
| Печатење и дизајн на зборник кој ќе произлезе од анализите, трудовите, говорите и препораките на учесниците на Скопје Економски и Финансиски Форум и тоа:<br>• Формат 16.5 х 23.5 см<br>• Корица – Фул колор (300гр. Кунзтрук сјаен)<br>• Дизајн на корица<br>• Внатрешни страници – црно бела 90 гр.<br>• Повез лепење на биндер<br>• Страни: до 500,<br>• Тираж до 300/парче | 541 |